УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА „МАРКО ЦЕПЕНКОВ"

# АПСОЛУТНО – СÈ Е УМЕТНОСТ

**● Вториот Македонски меѓунроден „меил-арт" проект и визуелна поезија опфаќа 31 земја со 190 уметници**

Во уметничката галерија на Домот на културата „Марко Цепенков" од 20 август, па сè до 4 септември ќе биде поместена една несекојдневна изложба. Всушност станува збор за втор македонски меѓународен „меил-арт" проект и визуелна поезија во организација на нашиот сограѓанин сликарот Златко Крстески. Прилепската јавност може да проследи дела од 190 уметници од 31 земја, меѓу кои и многу реномирани уметници од проф. на ликовната академија од Чикаго, Антони Миро од Шпанија, додека пак нашата земја ја претставуваат двајца уметници меѓу кои и Златко Крстески.

– Оваа изложба всушност претставува светско движење – „флуксус-дада". Тоа е авангардно движење на новиот милениум, уметност на новиот милениум ослободена од сите стеги и селекции, вршејќи ревизија на класичната уметност, да може секој да се занимава со ликовна уметност. Доволно е само една мала креација, една игра со слики, со зборови, колажи со што секој да се занимава со ликовна уметност и достапна да биде до секого – вели Крстески.

Инаку пред две години на Хераклејските вечери во Битола, Крстески имал слична ваква мултимедијална изложба, додека пак презентираната изложба моментално е на зададени теми: слобода, тело, уметност и форма.

– Кај нас со уметноста лично сметам дека многу работи се исполитизирани и наградите ги добиваат сè исти луѓе. Во уметноста нема граници и сè всушност претставува уметност. Така и на каталогот за пример, има еден долар на кој пишува „Правете повеќе уметност, не – пари" за разлика што кај нас многу уметници прават пари, и своите дела ги материјализираат доста добро, работат по шаблон, пејзажи кои на луѓето им се заморни. Авангардата во светот е многу прифатена, додека кај нас во Скопје имаше некои што се занимаваа, но се откажаа, бидејќи од тоа нема некој комерцијален ефект. Инаку „меил-арт" е комуникација меѓу двајца уметници, размена на уметнички материјали, идеи, додека, визуелната поезија претставува игра или комбинација на зборови и слики – додава Крстевски.

Веќе десетина години Златко Крстески се занимава со повеќе медиуми меѓу кои и „меил-арт" проектот. Покрај со сликарство се занимава и со стрип и карикатури, а деновиве добил известување дека неговите карикатури ќе се најдат на Музејот на карикатурата во Италија.

СВ.Р.